РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-552/10
24.06 2016 год.
СКОПЈЕ

Собранието на Комората на извршители на Република Македонија врз основа на член 33 и 34 од Законот за извршување (Службен весник на Република Македонија бр.72 од 12.04.2016 година) на седницата на вонредното собрание одржана во Скопје на 20.06.2016 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ

## Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на спроведување на конкурсот за именување на извршители.

## Член 2

Конкурсот за именување на извршители го распишува Министерството за правда, а го спроведува Комората на извршители на Република Македонија (во понатамошниот текст - Комората).

За спроведување на конкурсот Управниот одбор избира петчлена Комисија за спроведување на постапка за именување на извршители (во понатамошниот текст - Комисијата), со состав определен во член 34 став 2 од Законот за извршување (во понатамошниот текст - ЗИ).

Конкурсот го спроведува Комисијата со техничка поддршка од Стручната служба на Комората.

## Член 3

Комората писмено се обраќа до Судскиот совет на Република Македонија и до Академијата за судии и јавни обвинители Македонија со барање да номинираат предлог за членови на Комисијата.

Претседателот на Комората писмено ги предлага членовите на комисијата од редот на извршителите и од редот на универзитетските професори од правните факутети акредитирани во Република Македонија.

Членовите на комисијата ги бира Управниот одбор на Комората во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на предлозите од став 1 и 2 од овој член.

Мандатот на Комисијата е 3 (три) години со право на еден повторен избор.

**Член 4**

Комисијата работи во службените просториите на Комората, и можат полноправно да одлучуваат ако се присутни мнозинство од членовите на Комисијата. Записник за работата води претставник од Стручната служба на Комората. Стручната служба на Комората, ја закажува Седницата на Комисијата и за истото ги известува членовите на Комисијата на е-маил адресата која членовите задожително ја доставуваат до Комората.

**Член 5**

Кандидатот за извршител во рок најдоцна од 30 дена од ден на објава на конкурсот во Службен весник на РМ доставува писмена пријава до Комората со прилози :

- уверение за државјанство на Република Македонија;
- уверение од надлежна здравствена установа од областа на медицината на трудот за деловна способност и општа здравствена способност;
- доказ за статус на дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или статус на дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- психолошки тест и тест на интегритет од акредитирани лица;
- доказ за работен стаж на правни работи од најмалку две години по положен правосуден испит
- доказ за активно владеење на македонскиот јазик за кандидатот што високото образование го стекнал надвор од Република Македонија од катедрата за Македноски јазик при Филолошкиот факултет во Скопје.
- меѓународно признат сертификат за познавање странски јазик согласно член 33 став 1 точка 8 од ЗИ
- изјава дадена пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и
- изјава дадена пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

Потребната документација се поднесува до Комората во оргинал или препис заверен од нотар.
По правосилно завршување на постапката за именување на извршител, кандидатите имаат право да бараат доказите кои ги доставиле во оригинал да им бидат вратени со поднесување на писмено барање.

**Член 6**

Комисијата формира досие за секој поединечен кандидат кој се јавил на објавениот конкурс. Досието содржи потребна документација од член 33 и 34 од ЗИ, која што ја доставил кандидатот до Комората.

По формирањето на досието, Комисијата констатира кои кандидати поднеле, а кои не поднеле целосна документација и кандидатите кои поднеле уредна документација ги рангира во ранг листа согласно доделените поени. Ранг листата заедно со Записникот и комплетните досиеа Комората ги доставува до Министерството за правда.

**Член 7**

Комисијата се состанува по истекот на рокот од 30 (триесет) дена од член 34 став 5 од ЗИ, односно по истек на рокот за доставување на документација за конкурсот. Комисијата за спроведување на постапката за именување на извршител е должна најдоцна во рок од пет дена од денот на завршување на конкурсот, да ги достави до Министерството за правда примените пријави со изготвена ранг листа на кандидати според вкупно освоените поени од:

- нивниот успех во текот на студиите,
- постигнатиот успех на испитот за рангирање на извршители.

Комисијата при изготвување на ранг листата, доколку кандидатите имаат ист број на освоени поени, го зема превид времетраењето и видот на работниот стаж. Предност во рангирањето има оној кандидат со подолг работен стаж стекнат кај извршител, нотар, адвокат, во правосудни органи и органи на државна управа од областа на правосудство и финансии.

**Член 8**

Комисијата ги рангира кандидатите во ранг листата врз основа на доделените поени по основ на условите што ги исполнуваат за конкурсот.

Кандидатите се рангираат според бројот на вкупно доделените поени

Максималниот вкупен број на поени изнесува 60 поени.

Поените комисијата ги доделува на следниот начин:

1. Успехот во текот на студиите може да донесе максимум 30 поени од кој:

а) просекот постигнат во текот на студиите ( дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според ЕКТС) максимум 10 поени согласно постигнатиот просек, дополнително 2 и 3 поени за Магистер на науки и Доктор на науки.
б) 15 поени согласно рангирање на универзитетот според ранг листата на домашни универзитети согласно Законот за високо образование и ранг листи на странските Универзитети и тоа Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities); Times Higher Education - World University Rankings и QS World University Rankings, пропишано од министерот за информатичко општество и администрација, на начин што 15 поени ќе добие прво рангираниот Универзитет, а останатите Универзитети редоследно ќе се рангираат намалени за 3 процентни поени согласно листата.

2. Постигнатиот успех на испитот за рангирање на извршители може да изнесува максимум 30 поени.

Доколку кандидатите имаат ист број на освоени поени, комисијата при изготвување на на ранг листата ги зема предвид времетраењето и видот на работниот стаж на следниот начин:

Вкупен број на поени што кандидатите дополнително можат да го освојат е 40 поени, кој се додаваат на предходно освоениот број на поени.
Бодувањето се одвива на начин што се бодуваат максимум 10 години работен стаж на начин што:

- 4 поени се добиваат за секоја година поминат работен стаж во канцеларија на извршител;
- 3 поени се добиваат за секоја година поминат работен стаж во канцеларија на нотар;
- 2 поени се добиваат за секоја година поминат работен стаж во канцеларија на адвокат;
- 1 поен се добива за секоја година поминат работен стаж во правосудни органи и органи на државна управа од областа на правосудството и финансии.

### Член 9

Министерството за правда прибавува доказ за положен правосуден испит, квалификационен испит и испит за рангирање за конкретниот конкурс и потврда за неосудуваност и за изрекување казна забрана за вршење на професија, дејност или должност, согласно член 34 став 1 точка 6 од ЗИ.

Врз основа на самостојно прибавената документација и документацијата прибавена од Комората, Министерството за правда именува извршители.

Кандидатот којшто не ги исполнува условите за коишто доказ прибавува Министерството за правда, министерството ќе го дисквалификува и ќе го именува следниот кандидат со најмногу поени.

**Член 10**

Доколку во прворангираните кандидати од ранг листата на Комисијата на Комората нема доволен број на припадници на заедниците согласно објавениот конкурс за кој се врши именувањето, Министерството распишува дополнителен конкурс само за оној број на припадници на заедниците за кои што не може да се изврши именување по конкурсот. Во дополнителниот конкурс се утврдува потребниот минимален број на поени кои треба да ги има кандидатот, а кој број треба да е идентичен со бројот на поени со кои е именуван последниот кандидат од ранг листата на Комисијата од објавениот конкурс.

Комисијата на Комората доставува дополнителна ранг листа до Министерството за правда, врз основа на рангирањето на заинтересираните кандидатите кои поднеле пријава до Комората.

Во дополнителната ранг-листата на Комисијата при Комората по повод дополнителниот конкурс се земаат предвид само заинтересираните кандидати кои поднеле доказ дека го положиле дополнителниот испит од член 34 став 10 од ЗИ.

Комисијата по истекот на рокот за пријавување на дополнителниот конкурс, нема да изготви ранг листа и писмено ќе го извести Минстерството во случај доколку ниту еден заинтересиран кандидат кој се пријавил на конкурсот не поднел доказ до Комората дека го постигнал најмалку минимално потребниот број на бодови утврдени со дополнителниот конкурс на Министерството.

Министерството во случај ниту еден кандидат доколку не постигнал најмалку минимално потребниот број на бодови утврдени со дополнителниот конкурс, ќе изврши избор од прворангираните кандидати од Ранг листата на Комисјата на Комората од претходно објавениот конкурс.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со ден на објава на веб страната на Комората, а се применува од денот на почеток на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ број 72 од 12.04.2016 година ).

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател
Зоран Петрески